# Права на субјектот на лични податоци

Со овој документ, ние како Контролор на лични податоци – ЕВОФАРМА АГ – Претставништво Скопје, со седиште: улица Антон Попов бр.1-2/3 Скопје – Кисела Вода, со електронска пошта info@ewopharma.mk (во понатамошен текст Евофарма) – овозможуваме информации за обработката на личните податоци и вашите права поврзани со оваа обработка.

## Нашата визија за заштита на личните податоци:

Евофарма посветува големо внимание на заштитата на личните податоци во сите свои деловни процеси, имплементирајќи ги стандардите поставени со прописите за приватност и заштита на личните податоци во Република Северна Македонија, кои се подетално разработени во интерните Политики и процедури кои го сочинуваат системот на заштита на лични податоци на Евофарма. Политиката за приватност е објавена на нашата интернет страна: https://www.ewopharma.mk/politika-na-privatnost/

## Цел на обработување на личните податоци:

Испраќање на информации за продукти, услуги и случувања поврзани со Евофарма. За цели на посета на медицинските преставници на Евофарма во извршување на активностите на Евофарма и за присуство на едукативни настани.

## Опис на целта на обработувањето:

Доколку вие ни дадете согласност, ние ќе ве додадеме во регистерот на Евофарма и редовно ќе ви испраќаме вести и новости кои содржат информации за продуктите, услугите и случувањата поврзани со Евофарма, или доколку дадете согласност за редовна посета ќе ве запишеме во интерниот систем на Евофарма со цел навремено организирање на посети од нашите медицински лица, како и со цел присуство на едукативни настани организирани од Евофарма.

## Правен основ за обработка на вашите лични податоци:

Правниот основ за обработка на вашите лични податоци е ваша дадена изречна согласност.

## Категории на лични податоци кои ние ги обработуваме:

- Име и презиме
- Специјалност
- Телефонски број
- Име на установа
- Работна позиција
- e-mail адреса

**Права на Корисниците- субјекти на лични податоци**

Субјектите на личните податоци имаат право да:

- бидат информирани за обработката на нивните лични податоци,

- да пристапат до нивните лични податоци, и

- да ги дополнат, изменат, избришат или да бараат запирање на користењето на нивните лични податоци.

Во продолжение, следува детално појаснување во однос на овие права:

- Во фукнција на транспарентност, Евофарма има обврска да го извести корисникот за целите и правната основа на обработката на неговите лични податоци

- Секој корисник има право да пристапи до своите лични податоци. Барањето за пристап до податоците се доставува до писмена форма до седиштето на Евофарма или се пополнува на на некој од дигиталните канали на Евофарма. Евофарма е должна да одговори на корисникот во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето, при што нема обврска повторно да одговори на исто или слично негово барање, ако во меѓувреме нема промени во неговите лични податоци, освен ако изминале шест месеци од денот на доставувањето на претходното барање до новото барање.

Доколку коринсикот не добие одговор на барањето за пристап до лични податоци, може да поднесе барање за утврдување на повреда на правото на заштита на личните податоци пред Агенцијата за заштита на личните податоци. Корисникот има право да бара дополнување, изменување, бришење или запирање на користењето на неговите лични податоци.

По барање на корисникот, Евофарма е должна да ги дополни, измени, избрише или да го запре користењето на личните податоци, ако податоците се нецелосни, неточни или неажурирани и доколку нивната обработка не во согласност со закон. Независно од тоа дали корисникоот има поднесено барање за дополнување, изменување или бришење на личните податоци, доколку Евофарма утврди дека личните податоци се нецелосни, неточни или неажурирани, должна е истите да ги дополни, измени или избрише.

Евофарма е должна најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето, писмено да го извести субјектот на лични податоци за направените промени.

**Рок на чување на вашите лични податоци:**

Податоците кои се обработуваат од страна на Евофарма за цели на остварување на вашите права, ќе се чуваат согласно законските рокови, а податоците кои се обработуваат согласно дадена согласност ќе се чуваат се до повлекување на Вашата согласност за нивна обработка за наведената цел.

**Категории на обработувачи на кои би можеле да пренесеме лични податоци:**

- Маркетинг агенција со која Евофарма соработува за реализација на директен маркетинг.
- Фондот за здравство на Република Северна Македонија

- Агенцијата за лекови на Република Северна Македонија
- Лекарска Комора на Република Северна Македонија
- Македонско Лекарско Друштво

По добиено барање, вашите лични податоци може да бидат пренесени до државни институции, конкретно Министерство за внатрешни работи, Судови и други државни установи согласно Законот.

**Извори на лични податоци:**

Ние ги добиваме личните податоци директно од Вас.

**Пренос на лични податоци до трети држави или меѓународни организации:**

Ние ќе ги пренесеме Вашите лични податоци кон Евофарма АГ со главно седиште во Швајцарија. Европската комисија ѝ одобри на Швајцарија одлука за адекватност, а тоа значи дека Вашите лични податоци ќе бидат заштитени во Швајцарија на исто ниво како во ЕЕО.

**Автоматско одлучување врз основа на личните податоци:**

При обработка на личните податоци не се случува автоматско одлучување.

**Кои се вашите права?**

Со цел да ги остварите Вашите права кои произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци (право на пристап, корекција, бришење, ограничување на обработката на Вашите лични податоци, приговор и преносливост), упатете барање на електронската адреса на офицерот за зашитта на личните податоци: **dpo@ewopharma.mk**

Доколку сметате дека е повредено некое ваше право за заштита на личните податоци, имате право да поднесете барање за утврдување на прекшување на прописите за заштита на личните податоци пред Агенцијата за заштита на личните податоци како надлежен орган за вршење надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци на територијата на Република Северна Македонија.